# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 28 мај 1993
Скопје
Број 33 Год. XLIX

Аконтацијата за 1993 година изнесува 1.100 денари. Овој број чини 60 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

775.

Врз основа на член 49 став 1 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ", бр. 5/93), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.03.1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Се потврдува Статутот на Комисијата за хартии од вредност што го донесе Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 6 февруари 1993 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-327/2
9 март 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

776.

Врз основа на член 160, точка 16 од Законот за внатрешни работи - Пречистен текст („Службен весник на РМ" бр. 37/80, 24/88, 36/91 и 19/92), министерот за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Во Решението за цените на обрасците што се употребуваат во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РМ" бр. 29/92, 37/92, 50/92, 67/92, 1/93 и 22/93) во делот I во точка 11 по зборот „испит" се додаваат во заграда зборовите „1 лист" и се додава нова точка 33 „Уверение за државјанство", а цените на обрасците се менуваат и гласат:

1. Лична карта . . . . . . . . . . . . . . . 30,00 денари
2. Возачка дозвола . . . . . . . . . . . . 40,00 денари
3. Дозвола за возач на трактор . . . . . 40,00 денари
4. Возачка потврда . . . . . . . . . . . . 40,00 денари
5. Сообраќајна дозвола на рег. возило . . . . . . . . . . . . . 40,00 денари
6. Сообраќајна дозвола за рег. возило, земјоделски трактор . . . . . . . . . . 40,00 денари
7. Потврда за регистрација за регистрирано возило . . . . . . . . 40,00 денари
8. Потврда за привремена регистрација на возило . . . . . . . . . . . . . . . 25,00 денари
9. Дозвола за посредување и носење на оружје . . . . . . . . . . . . . . . . . 25,00 денари
10. Дозвола за поседување на оружје. . 25,00 денари
11. Тест за полагање на возачки испит (1 лист) . . . . . . . . . . . . . 6,00 денари
12. Извод од матичната книга на родени за употреба во странство и земјата 15,00 денари
13. Извод од матичната книга на венчани за употреба во странство и земјата 15,00 денари
14. Извод од матична книга на умрени за употреба во странство и земјата 15,00 денари
15. Пропусница за премин на Македонско-Бугарска граница во малограничен сообраќај . . . . . 50,00 денари
16. Привремена дозвола за движење и престој во граничен појас . . . . . 50,00 денари
17. Постојана дозвола за движење и престој во граничен појас . . . . . 50,00 денари
18. Привремена дозвола за движење и задржување на граничен премин 50,00 денари
19. Постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин 50,00 денари
20. Образец - барање за пропусница во малограничен сообраќај . . . . . 20,00 денари
21. Инструкторска дозвола . . . . . . . . 50,00 денари
22. Дозвола за движење и престој надвор од местото и граничен премин . . . 50,00 денари
23. Пасош (личен и семеен) . . . . . . . 400,00 денари
24. Дипломатски пасош. . . . . . . . . . 400,00 денари
25. Службен пасош. . . . . . . . . . . . . 400,00 денари
26. Заеднички пасош . . . . . . . . . . . 800,00 денари
27. Патен лист. . . . . . . . . . . . . . . . 40,00 денари
28. Патен лист за странец . . . . . . . . 400,00 денари
29. Патна исправа за бегалец . . . . . . 200,00 денари
30. Патна исправа за лица без државјанство . . . . . . . . . . . 200,00 денари
31. Лична карта за странци . . . . . . . 150,00 денари
32. Туристичка пропусница . . . . . . . . 50,00 денари
33. Уверение за државјанство . . . . . . 15,00 денари

II. Ова Решение влегува во сила наредниот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 133-20641/1
5 мај 1993 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Д-р **Љубомир Фрчкоски**, с.р.

777.

Врз основа на член 11 став 4 од Законот за признавање на новосоздадени, одобрување да се воведат во производство странски и заштита на сорти-хибриди, земјоделски и шумски растенија („Сл. лист на СФРЈ" бр. 38/80 и 82/90), кој согласно член 5 од Уставниот закон, за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА СОДРЖИНАТА И ПОДАТОЦИТЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА НОВОСОЗДАДЕНА СОРТА - ХИБРИД, ОДНОСНО ЗА ОДОБРУВАЊЕ ДА СЕ ВОВЕДЕ ВО ПРОИЗВОДСТВО СТРАНСКА СОРТА-ХИБРИД ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ШУМСКИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Со овој правилник се утврдува содржината и податоците на барањето за признавање на новосоздадена сорта-хибрид, односно за одобрување да се воведе во

производство странска сорта-хибрид од земјоделски и шумски растенија (сорта-хибрид).

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник ги содржи следните податоци: име и адреса на подносителот на барањето, видот на растението, латинско име, предложено име на сортата-хибридот за новосоздадена домашна сорта-хибрид, а за странската сорта-хибрид, име на сортата-хибридот, име на сортата-хибридот регистриран во други земји (наведи во кои), име на авторот на сортата хибридот, име и презиме на работниците кои учествувале во создавање на сортата-хибридот, дали сортата-хибридот е пренесена на подносителот на барањето, ако е, по основ на договор, односно со наследување како правен наследник или на друг начин да се наведе кој, почетна година за работа на создавањето на сортата-хибридот, облагородувањето, изворен материјал, име и потекло, кај хибридите родителските линии, нивните особини опис на процесот на облагородување, почетниот материјал и неговото размножување, посебни запознавања кои се однесуваат на процесот на создавањето сорта-хибрид, должина на вегетациониот период на сортата-хибридот, податоци за квалитетот на сортата-хибридот и некои суштествени особини на сортата-хибридот со кои пријавената сорта-хибрид ја надминува стандардната сорта-хибрид, име на слична сорта-хибрид и во што се разликува, дали сортата-хибридот е заштитена под кое име и во која земја, во кои подрачја и локалитети сортата-хибридот е распространета и од кога, основни почвено-климатски карактеристики на подрачјето каде сортата-хибридот е распространета, морфолошки особини на сортата-хибридот, расположива количина на репродуктивен материјал и предлог на авторот на сортата-хибридот, во кои подрачја и локалитети треба да се врши испитувањето на сортата-хибридот.

Член 3

Барањето од член 2 на овој правилник се поднесува на образец кој претставува составен дел на овој правилник.

Член 4

Со барањето од член 2 на овој правилник, можат да се приложат и цртежи, слики и други информации за сортата-хибридот со што би се дала целосна слика за истата.

Член 5

Името на сортата-хибридот го предлага авторот на сортата-хибридот.

Името на сортата-хибридот се состои од еден до три збора или комбинација од зборови и букви, комбинација од зборови и бројки или комбинација од букви и бројки.

Член 6

Не може да се користи име на сорта-хибрид ако е составено само од бројки што доведува до забуна за идентификација на сортата-хибридот, како и до забуна за потеклото, својствата, резултатите или идентитетот на авторот на сортата-хибридот.

Не може да се користи име на сорта-хибрид, ако тој е идентичен или може да се замени со името на сортата-хибридот, од ист или сличен вид.

Не може да се дава име на сорта-хибрид по име на лице без негово одобрение, а согласност за тоа или име на скратеницата за име на странска земја или меѓународна организација без одобрение од надлежен орган на таа земја или организација.

Член 7

Ако постојат пречки за прифаќање на името на сортата-хибридот според член 6 на овој правилник, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го известува подносителот на барањето од член 2 на овој правилник и му дава рок за поднесување предлог за ново име.

Во колку во дадениот рок подносителот на барањето од член 2 на овој правилник не достави предлог за ново име и на сортата-хибридот, неговото барање ќе се смета за непотполно.

Член 8

Името на признатата сорта-хибрид може да се измени по барање на авторот на сортата-хибридот или друго заинтересирано лице во случај ако се утврди дека за тоа постојат оправдани причини.

Името на сортата-хибридот се менува во случај да постојат судски одлуки за забрана за понатамошна употреба на тоа име.

Во случај на промена на името на сортата-хибридот од став 1 и 2 на овој член, авторот на сортата-хибридот по барање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува предлог за ново име на сортата-хибридот.

Во колку во дадениот рок, авторот не достави прифатливо име на сортата-хибридот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство утврдува ново име на сортата-хибридот.

Член 9

Името на сортата-хибридот што на денот на влегувањето во сила на овој правилник е запишано во Регистарот на новосоздадени сорти-хибриди, односно во евиденцијата на странски сорти-хибриди, чие воведување на производство е одобрено, продолжува да важи и по донесувањето на овој правилник.

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 02-2812
18 мај 1993 година
Скопје

Министер,
за земјоделство, шумарство и водостопанство,
д-р **Ефтим Анчев**, с.р.

Регистарски број на барањето_______________

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ
ул. „Васил Ѓоргов" бб

БАРАЊЕ

за признавање на новостворена домашна сорта – хибрид односно одобрување за воведување во производство странска сорта – хибрид, од земјоделски и шумски растенија

1. Име и адреса на подносителот на барањето
2. Вид на растенија и латинско име
3. Предлог-име на сорта – хибрид за новосоздадена домашна сорта – хибрид име на сорта – хибрид за странска сорта – хибрид
4. Име на сорта – хибрид регистриран во други земји (наведете во кои)
5. Име на авторот на сортата – хибридот организацијата, односно странската фирма каде сортата – хибридот е создадена

6. Име и презиме на работници кои учествувале во создавање на новата сорта – хибрид (облагородувачи) по ред на учество во %
   1. ______ —%
   2. ______ —%
   3. ______ —%
   4. ______ —%

7. Сортата – хибридот е пренесена на подносителот на барањето по основ на договор, односно наследување или друг начин (да се наведе кој)

8. Почетна година за работа на создавање сорта – хибрид

9. Цел на облагородената сорта – хибрид намена

10. Изворен материјал, име и потекло а кај хибридите родителски линии и нивните особини и начин за нивното добивање (создавање)

11. Опис на процесот на создавањето сорти – облагородување

12. Почетен материјал и негово размножување за новосоздадени сорти – хибриди

| Ред. бр. | Година | Матичен број | Број под кој е размножен материјалот во поед. години | | | | | | Вкуп. површ. под размнож. во ха |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 12.1 | | | | | | | | | |
| 12.2 | | | | | | | | | |
| 12.3 | | | | | | | | | |
| 12.4 | | | | | | | | | |
| 12.5 | | | | | | | | | |
| 12.6 | | | | | | | | | |
| 12.7 | | | | | | | | | |
| 12.8 | | | | | | | | | |
| 12.9 | | | | | | | | | |
| 12.10 | | | | | | | | | |

13. Посебни забележувања кои се однесуваат на процесот на создавањето на сорта – хибрид

14. Должина на вегетацијата на сортата – хибридот

15. Податоци за квалитетот на сортата – хибридот и нејзини други значајни својства во смисла на одредбата на член 5 став 2 од Законот и тоа:

15.1 Принос и квалитет на приносот кај новосоздадените сорти – хибриди да се прикажат резултатите добиени од испитувањата во полски опити и лабораторија, кој ги направил, авторот на сортата – хибридот, кај странските сорти – хибриди од испитувањата и искуства од производството

15.2 Отпорност на растителни болести и штетници во смисла на критериумите дадени во единствена метода на испитување на новосоздадени странски сорти – хибриди во опитно поле и лабораторија

15.3. Отпорноста на високи и ниски температури, на вишок и недостаток на влага

15.4. Други елементи кои влијаат на зголемувањето и квалитетот на приносот (оптимален склоп на растенија по $м^2$, растојание, оптимален рок на сеидба, односно садење и др.)

16. Значајни својства во кои сортата – хибридот ја надминува стандардната сорта – хибрид за дадена намена (имиња на овие сорти – хибриди)

17. Специфични својства на сортата – хибридот кои ја прават новосоздадена, односно во што се разликува од просечните сорти – хибриди во однос на член 3 и 25 од Законот

18. Име на слична сорта – хибрид и во што се разликува

19. Дали сортата – хибридот е заштитена и под кое име и во која земја

20. Во која земја и во кои реони сортата – хибридот е распространета и од кога

21. Основни почвено-климатски карактеристики во реонот каде сортата – хибридот е распространета

22. Морфолошки својства на сортата – хибридот

22.1. Општ изглед на растенијата

22.2. СТЕБЛО: Цврстина, дебелина, должина на интернодија, површина, обраснатост со влакненца, братење, боја, висина и др.

22.3. ЛИСТ: број, должина, ширина, форма боја, влакнетост, лице и опачина, сјај, нерватура, петелка на листот, ивица и др.

22.4. ЦВЕТ: големина, форма, боја, мирис и др.

22.5. ПЛОД: форма, големина, боја (во зелена и зрела состојба, фертилност, број на клавчиња, во клас, збиеност на класот број редови на кочанот со осила и без осила, голо зрно или не и др. Кај класовите кочанот мешунката, бобинката, лушпа, коскено овошје, чушка ахенија

22.6. СЕМЕ: големина, форма, боја, нежност на обвивката, површина апсолутна маса, хектолитарска маса, разварување, пресек, хемиски состав, тврдост и др.

22.7. Други репродуктивни органи: форма, распоред на окца, разгранетост, подем, на растење кај коренестото кртолестите делови под земја, разварување, содржина на скроб, сува материја, шеќери, масло и останати хемиски состојби кај кртолите, корењата и др.

23. Расположива количина на репродуктивен материјал во кг. парчиња и др.

24. Во кој локалитет авторот на сортата – хибридот бара да му се испитува сортата – хибридот, име на локалитетот (реонот) ______

Место__________дата______199__ година

| | |
|---|---|
| Пополнувањето на колоните во образецот да се прилагодат според видот на културата | Име на претпријатието кое го поднесува барањето, име и презиме на овластеното лице |
| | ______ |
| | ______ |

778.

Врз основа на член 18 од Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на СРМ и другите избрани и наименувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ" број 36/90, 44/90 и „Службен весник на Република Македонија број 38/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 мај 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ДИРЕКТОРОТ И ЗА ЗАМЕНИКОТ НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

1. Со оваа одлука се определуваат коефициентите за утврдување на личен доход за директорот и за заменикот на директорот на Царинската управа и тоа:

- директор на Царинската управа . . . . . . . . . . .3,7
- заменик на директорот на Царинската управа .3,3

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-2034/1
20 мај 1993 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања
на изборите и именувањата,
**Никола Крстески**, с.р.

779.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 алинеја 2 и член 112 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), по одржаната јавна расправа, на седницата одржана на 7 мај 1993 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за утврдување локација за изградба на камп за прифаќање на бегалците од Република Босна и Херцеговина од времен карактер, донесена од Владата на Република Македонија на 21 декември 1992 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/92).

2. СЕ УКИНУВА времената мерка за запирање на извршување на поединечните акти и дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на одлуката означена во точката 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива од Иницијативниот одбор на месните заедници: „Мирче Ацев", „Даме Груев", „Ексион" и „Горче Петров" од Скопје, со Решение У. бр. 27/93 од 22 февруари 1993 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

5. На јавната расправа одржана на 7 мај 1993 година, претставникот на подносителот на иницијативата остана при наводите во иницијативата и побара Судот да ја поништи оспорената одлука.

Претставникот на Владата на Република Македонија, во текот на јавната расправа, ја достави Одлуката за престанување на важење на оспорената одлука, донесена од Владата на Република Македонија на 7 мај 1993 година и побара постапката по предметот да се запре. Во однос на оспорената одлука нагласи дека Владата ја донела во рамките на нејзините законски овластувања. Имено, таа смета дека Деталниот урбанистички план не е усогласен со Основниот урбанистички план, па применувајќи го Основниот план, кој содржел само глобална определба, а не и елементи за утврдување услови за градба, можела да ја донесе оспорената одлука, без оглед на тоа што такви елементи имало во Деталниот план. Исто така, подвлече дека основот во член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање Владата може да го користи за донесување на посебен акт, во секој случај, кога постои потреба за изградба на јавни, општествени, односно стопански објекти од републичко значење, без оглед на решенијата во просторните и урбанистичките планови. Всушност, Владата, преку определување на локација за изградба на објекти од пошироко значење, а собранијата на општините за објекти од општинско значење, можеле да ги дополнуваат урбанистичките планови.

Претставниците на Собранието на град Скопје, на Собранието на Општина Карпош и на стручните организации изнесоа мислења дека просторот може да се користи само врз основа на плански документи, почитувајќи ја улогата на граѓаните во планирањето на просторот и на органите надлежни за донесување на плановите, а примената на член 54 од Законот, може да има само интервентен карактер, под услови што се содржани во самата негова одредба, која не дава можност за интерпретација што е спротивна на концепцијата за просторно и урбанистичко планирање.

6. На седницата Судот утврди дека со точката 1 од Одлуката се утврдува локација за изградба на камп за прифаќање на 800-1000 бегалци од Република Босна и Херцеговина на дел од КП 600, КО „Оризари" со површина од 18.000 $м^2$ на ул. „Маршал Тито" – Ѓорче Петров II, што ќе ја финансира Покраината Северна Рајна – Вестфалија. Со точката 2 се предвидува, во прифатниот камп да се изградат 30 индивидуални монтажни објекти со висина П+1 кат, а по заминувањето на бегалците, објектите да се користат за студентско сместување и други потреби. Во точката 3 се определува, Република Македонија да го обезбеди земјиштето и потребните одобренија за изградба и приклучување на постојната инфраструктура, а Покраината Северна Рајна-Вестфалија да ги обезбеди средствата за изградба на објектите и инфраструктурата. Според точка 4, составен дел на Одлуката е графичкиот приказ на локацијата, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

Судот, исто така, утврди дека просторот на кој се однесува оспорената одлука, е уреден со Измените и дополнувањата на Основниот урбанистички план на град Скопје („Службен гласник на град Скопје" бр. 15/85) и со Деталниот урбанистички план на урбанистичката единица „Ѓорче Петров" - Скопје („Службен гласник на град Скопје" бр. 6/89), во кој се содржани елементи за утврдување услови за градба.

7. Со член 2 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на

СРМ" бр. 38/85, 18/89 и 38/90) се пропишува дека со планирањето на просторот се обезбедува планско и рационално користење и уредување на просторот и населените места, рационална изградба на објекти и мрежа на инфраструктурата и заштита и уредување на човековата околина.

Условите за уредување и користење на просторот и за изградба на населените места, согласно член 12 став 1 од Законот, се утврдуваат во просторниот и урбанистичкиот план, а со урбанистичкиот план, согласно член 18 став 1 од Законот, се утврдува организацијата и користењето на просторот на населените места и урбанистичко-техничките услови за изградба на објектите и уредување на просторот, врз основа на анализа на постојната состојба и оценетите потреби и можности за просторен развој во определен плански период. Во член 13 од Законот, како видови на урбанистички планови се утврдени: основниот урбанистички план, деталниот урбанистички план, урбанистичкиот проект и урбанистичкиот план за помало населено место.

Во член 54 од Законот се утврдува дека за населени места и надвор од нив за кои не е донесен просторен или урбанистички план или донесениот план не содржи елементи за утврдување услови за градба, локација за изградба на јавни, општествени, односно стопански објекти, може да се издаде врз основа на посебен акт на Владата на Републиката, односно општ акт на собранието на општината за објекти од општинско значење.

Од означената законска одредба произлегува дека овластувањето од член 54 од Законот, Владата може да го користи само ако не е донесен просторен или урбанистички план или ако донесениот план не содржи елементи за утврдување услови за градба. Во конкретниот случај, Судот утврди дека за просторот што го опфаќа оспорената одлука е донесен Детален урбанистички план во кој се содржани елементи за утврдување услови за градба, па оцени дека, Владата немала основ надвор од тие услови да предвиди изградба на објекти кои не се предвидени со планот.

Евентуалната неусогласеност помеѓу урбанистичките планови (Основниот и Деталниот), Судот смета дека не може да се решава со примена на член 54 од Законот, туку во законски утврдена постапка, при што, Владата не е овластена да одлучува кој урбанистички план ќе го примени.

Сфаќањето, дека Владата може да го користи овластувањето од член 54 од Законот и да утврдува локација за изградба на објекти, без оглед на решенијата во урбанистичките планови, како и да може да избира кој план ќе го применува, според мислењето на Судот, не произлегува ниту од системот на просторното и урбанистичкото планирање утврден со Законот, ниту од содржината на член 54 од Законот. Судот, смета дека, со таквиот приод во третманот на урбанистичките планови се доведува во прашање системот на просторното и урбанистичкото планирање и воопшто определбата за уредување и хуманизација на просторот, се негира улогата на граѓаните и на другите органи и организации во планирањето и уредувањето на просторот и се нарушуваат односите помеѓу носителите на законодавната и извршната власт.

При донесувањето на оваа одлука, Судот не можеше да го прифати предлогот за запирање на постапката по овој предмет, бидејќи одлуката на Владата за престанок на важноста на оспорената одлука не содржи правни причини за нејзино донесување и што не е објавена на соодветен начин, па согласно член 52 од Уставот на Република Македонија, не влегла во сила.

При донесувањето на одлуката, Судот ја имаше предвид тежината на повредата на Законот, во однос на остварувањето на правата на граѓаните во областа на урбанистичкото планирање, правната сигурност и другите околности што се од значење за остварувањето на уставноста и законитоста.

8. Со оглед на тоа што ја поништи одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, Судот ја укина и привремената мерка за забрана на извршување на поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспорената одлука.

9. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

10. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот м-р Јордан Арсов и судиите Бранка Циривири - Антоновска, Ариф Арифи, Димитрие Димишковски, д-р Филип Лазарески, Братољуб Раичковиќ, д-р Фиданчо Стоев и Вера Терзиева - Трајачанец.

У. бр. 27/93
7 мај 1993 одина
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с.р.

---

**780.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 алинеја 1 и член 112 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 и член 71 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), по одржаната јавна расправа, на седницата одржана на 28 април 1993 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 26 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92), во делот што предвидува за јавен обвинител и заменик јавен обвинител да не може да биде именувано лице кое на претседател или судија на суд со иста стварна надлежност, како и на адвокат од исто подрачје, му е брачен другар или е во сродство во права линија или во странична линија до втор степен.

2. СЕ ЗАПИРА постапката за оценување уставноста на член 26 од Законот, во делот што предвидува за јавен обвинител и заменик јавен обвинител да не може да биде именувано лице кое на лице во некое од овие звања во исто или повисоко јавно обвинителство, или во Јавното обвинителство на Република Македонија му е брачен другар или е во сродство во права линија или во странична линија до втор степен.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива од Републичкиот одбор на синдикатот на работниците од управа, правосудство и општествени организации и здруженија на граѓани на Македонија, со Решение У.бр. 6/93 од 3 февруари 1993 година, поведе постапка за оценување уставноста на членот 26 од Законот за јавното обвинителство, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со членовите 9, 23 и 32 од Уставот на Република Македонија.

5. На јавната расправа претставникот на подносителот на иницијативата истакна дека оспорената одредба на членот 26 од означениот закон не е во согласност со Уставот, затоа што ги ограничувала правата на граѓаните утврдени во членовите 9, 23, 32 и 54 од Уставот, поради што побара Уставниот суд да ја укине, односно да ја поништи оспорената одредба.

Претставникот на Владата на Република Македонија истакна дека уставниот принцип на еднаквоста на граѓаните, содржан во член 9 од Уставот, е појдовна основа за слободите и правата на човекот и граѓанинот и дека со оспорената одредба од законот се обезбедувало остварувањето на уставното начело на еднаквоста

за сите граѓани, бидејќи со неа се оневозможувало поради семејни врски на носителите на јавно-обвинителската функција да се повредуваат правата на другите граѓани. Исто така, истакна дека на граѓаните не им било ограничено правото да учествуваат во вршењето на функцијата обвинител и заменик обвинител, затоа што тие можеле да ја вршат оваа функција во секое обвинителство во Републиката, освен во јавните обвинителства или судовите на подрачјето на кое неговиот брачен другар или близок роднина вршел правосудна функција. Понатаму, истакна дека уставниот принцип, подразбира исти услови, а граѓаните што се во брак или роднинска врска со лицата кои веќе вршат определена функција објективно може да ги доведе во привилегирана положба. Исто така, смета дека членот 32 од Уставот не ја исклучува можноста за вршење на определени функции да се бараат определени материјално-правни или процесно-правни услови, што е основен услов за ред и правна сигурност. Оспорената одредба од законот има за цел да обезбеди објективно вршење на функцијата на јавното обвинителство, како единствен и самостоен државен орган. Според тоа, и димензиите на ограничувањето воспоставени со оспорената одредба се оправдани, имајќи ја предвид организацијата на обвинителството и хиерархискиот однос помеѓу повисокиот и понискиот јавен обвинител и дека обвинителите постапуваат пред надлежен суд, како и дека својата функција ја остваруваат врз контрадикторни принципи со адвокат, кој што ги застапува интересите на спротивната странка во постапката.

Од страна на претставниците на правосудните органи беше искажано мислење дека оспорената одредба не е во согласност со Уставот, затоа што Уставот не давал можност за вакво ограничување. Целта што законодавецот сакал да ја постигне со оспорената одредба во праксата се остварува со законските институти на изземање. Со оспорената одредба се вршела дискриминација на одделни граѓани, дискредитирајќи ги однапред како неподобни за објективно вршење на јавно-обвинителската функција.

Од учесникот во расправата од редот на научните работници беше искажано мислење дека оспорената одредба претставува организационен пропис и е во директна функција на пообјективно остварување на правата и должностите на јавното обвинителство. Исто така, искажа становиште дека целта на ова ограничување претставува гаранција за остварување на правата и слободите на граѓаните пред овој орган, но дека и ограничувањето е широко поставено.

6. На седницата Судот утврди дека според член 26 од Законот за јавен обвинител и заменик јавен обвинител не може да биде именувано лице кое во некое од овие звања, во исто или повисоко јавно обвинителство или во јавното обвинителство на Република Македонија, на претседател или судија на суд со иста стварна надлежност, како и на јавното обвинителство или на адвокат од исто подрачје, му е брачен другар или е во сродство во права линија или во странична линија до втор степен.

Од означената законска одредба произлегува дека со законот се ограничуваат одделни граѓани да не можат да бидат именувани за јавни обвинители и заменици јавни обвинители доколку се во брак или во роднинска врска во права линија или во странична линија до втор степен со лица во некое од овие звања во исто или повисоко јавно обвинителство или во правосуден орган со иста стварна или месна надлежност или на адвокат од исто подрачје.

7. Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата и бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествена положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 23 од Уставот, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Според член 32 од Уставот секој има право на работа и слободен избор на вработување, и секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Согласно член 54 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот, но ограничувањето не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имот или општествена положба.

Според член 106 од Уставот, јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон. Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Од наведените уставни одредби произлегува дека правото на еднаквост се предвидува како темелна вредност за остварување на сите граѓански слободи и права и по својата суштина ги негира дискриминацијата, привилегиите и повластувањата по основ на социјалното потекло и општествената положба.

Според мислењето на Судот, членот 26 од Законот претставува ограничување за вршење на јавно-обвинителска функција за граѓаните кои се во брак или во роднинска врска со граѓани кои вршат судска функција во суд со иста стварна надлежност или се занимаваат со адвокатура на подрачјето на делување на јавното обвинителство. Поради тоа, Судот оцени дека во овој дел членот 26 од Законот не е во согласност со членовите 9, 23, 32 и 54 од Уставот на Република Македонија.

8. Меѓутоа, од членот 106 од Уставот произлегува дека јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган, кој ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела, поради што јавното обвинителство својата функција ја врши врз принципот на организационо единство и вертикална поврзаност на сите организациони единици на јавното обвинителство како единствен орган. Со оглед на тоа, Судот смета дека во законското уредување на организирање на јавното обвинителство и остварувањето на неговите функции брачната и роднинската врска на носителите на таа функција може да се предвиди како еден од условите за ограничување на нејзиното вршење, заради обезбедување гаранцијата за остварување на правата и слободите на граѓаните пред тој орган.

Поради тоа, Судот оцени дека таквите ограничувања предвидени со оспорениот член во законот, во делот што се однесуваат на јавното обвинителство, не се во несогласност со наведените одредби на Уставот на Република Македонија.

9. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот м-р Јордан Арсов и судиите Бранка Цивирири – Антоновска, Ариф Арифи, Димитрие Димишковски, д-р Филип Лазарески, Братољуб Раичковиќ, д-р Фиданчо Стоев и Вера Терзиева – Тројачанец.

У.бр. 6/93
28 април 1993 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с.р.

---

По извршеното срамнување со Одлуката за документацијата што ѝ се доставува на Народна банка на Република Македонија и за начинот на вршењето на контролата на правните и физички лица овластени за работа со странство („Службен весник на Република Македонија“ 31/93), направена е грешка поради што се дава

## ИСПРАВКА
## НА ОДЛУКАТА ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО Ѝ СЕ ДОСТАВУВА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА КОНТРОЛАТА НА ПРАВНИТЕ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА РАБОТА СО СТРАНСТВО

Во точка 7 после зборовите: „Службен весник на Република Македонија" точката станува запирка и се додаваат зборовите: „а ќе се применува од 1 јуни 1993 година".

Број 03-14/166-93
26 мај 1993 година
Скопје

Народна банка на Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во Упатството за пополнување на обрасци („Сл. весник на РМ" бр. 31/93), направена е грешка поради што се дава

## ИСПРАВКА
## НА УПАТСТВОТО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ

1. Во точка 1 став 3 наместо зборот „тарифи" треба да стои „тарифни броеви".

2. Во точка 2 став 3 после зборот „образец" треба да се додаде бројот „76".

Во истиот став после зборот „различни" треба да стои „тарифни".

3. Во точка 3 потточка 3) став 5 и 6 после бројот „2" треба да се додаде бројот „16".

Во точка 3 потточка 5) став 2 после зборот „регистарот" треба да стои „на надлежниот".

Во точка 3 потточка 7 во шифрите за наплата место шифрата „24" треба да биде „34", а на крајот се додава шифрата „50-контокорент".

Во точка 3 потточка 16) став 3 зборот „за" се заменува со зборот „на".

4. Во точка 4 став 2 кај шифрите на страна на увозот во шифра 96 по зборот „изведувач" се додава зборот „во"

Бр. 02-14/174-93
28 мај 1993 година
Скопје

Народна банка на Република Македонија

# *Оіласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Асани род. Зеќири Анифе од с. Лакавица - Гостиварско, застапувана од полномошникот Амир Абдулаи, адвокат од Гостивар, против тужениот Асани Нуредин од с. Лакавица - Гостиварско, со непозната адреса во Република Хрватска.

Се повикува тужениот Асани Нуредин да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку во овој рок не се јави, ќе биде одреден привремен старател во смисла на чл. 84 од ЗПП и истиот ќе ги застапува неговите интереси во овој спор.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 189/93.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за утврдување право на сопственост по основ на одржувачка, по тужбата на тужителите Фетаи Сефедин и др. од с. Палатица, против тужените Магбуле Ерхан, Јалмаз Шерка, Сар Музејен, Тавус Исан, Тавус Муазес и Тавус Шерив, сите од Истанбул, Р. Турција, со непозната адреса. Вредност на спорот 3.000,00 денари.

Се повикуваат тужените Ерхан Магбуле, Јилмаз Шерка, Сар Музејен, Тавус Исан, Тавус Муазес, Тавус Шерив да се јават во судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно, судот ќе им постави привремен застапник кој ќе се грижи за нивните интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 307/93. (307)

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 16359/92, на регистарска влошка го запиша во судскиот регистар основањето на претпријатието во приватна сопственост под фирма: Претпријатие за производство и трговија на мало и големо „Волан-Треид" експорт-импорт, Д.О.О. ул. „Ресенска" бр. 2, Скопје.

Претпријатието е основано со акт за основање од 19.XI.1992 година, а основач е Анл Дурак со л.к. бр. 1211877- СВР, Скопје.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 170129, 070131, 070132, 070140, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070250, 070260, 011941, 011949, 012521, 012522, 012699, 013021, 013022, 013115, 013113, 013121, 050209, 050301, 050302, 060503, 060601, 060602, 080119, 080129, 080190, 080201, 080202, 090122, 090131, 090132, 090133, 090139, 110302, 110309, 110402, 110403, 110404, 110620, 110902, 110903, 110909, 110109, 07310, 070320.

Малограничен промет со соседните земји: Грција, Албанија и Бугарија, реекспорт, Слободни царински продавници.

Претпријатоето во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правнит промет претпријатието договара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот промет е: Анл Дурак, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 16359/92 (6404)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 16564/92, на регистерска влошка бр. 1-28490-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на приватно претпријатие под фирма: Претпријатие за трговија на големо и мало „Генекс-Комерц" експорт-импорт, д.о.о., ул. „Х.Т. Карпош" бр. 3, с. Марино, Скопје.

Претпријатието е основано со акт за основање од 20.XI.1992 година, е основач е лицето Момчило Павловиќ од Скопје.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 170129, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260,080111, 080114, 080119, 080121, 080129, 080190, 080201, 080202, 110302, 110309, 110909, 060401, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060609. Дејности на надворешна трговија: 07310, 070320, застапување странски фирми, посредување и застапување во промет со стоки и услуги, консигнација, реекспорт. Малограничен промет со соседните земји и тоа: Бугарија, Грција, Албанија и СР Југославија.

Во првниот промет со трети лица претпријатието настапува во свое име и за своја сметка.

Целосна одговорност.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешнотрговскиот промет е лицето Момчило павловски, директор со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 16564/92 (6406)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 16777/92, на регистарска влошка бр. 1-28736-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за производство, превоз и трговија „ДАВОС Ц-Б" експорт-импорт, Ц.О., Д.О.О.,ул. „7" бр. 30, с. Арачиново, Скопје.

Дејности: 013021, 013022, 013030, 013041, 013042, 013043, 013050, 013099, 011314, 013903, 090171, 090179, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060803, 090121, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070250, 070260, 070240, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 080201, 080202, 080111, 080112, 080114, 080119, 080190, 090209, 050100, 050201, 050209, 050301, 050302, 030003, 110303, 110903, 110905, 110302, 110109, 110909, 110309, откуп на земјоделски, сточарски производи, шумски плодови, водоземци и влекачи. Надворешно трговско работење: 070301, 070320, посредување и застапување во прометот на стоки и услуги, реекспорт, услуги на меѓународен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција, туристички услуги, меѓународни сообраќајно-агенциски работи, продажба на стоки од консигнациони складови, продажба на стоки од слободни царински продавници, изведување инвестициони рабвоти во странство, малограничен промет со Бугарија, Албанија, Грција и СР Југославија. Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка.

Лице овластено за надворешниот и внатрешно-трговскиот промет е Драгана Бристиќ, директор, со неограничени овластувања во правниот промет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 15622/92. (5716)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 14327/92, на регистарска влошка бр. 1-27551-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за трговија, угостителство и услуги „МАСТЕР БО“, увоз-извоз, д.о.о., ул. „Кочо Рацин“ бр. 8/2, Скопје. Основач е Слободан Петковски.

Дејности: 060502, 060503, 060602, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 0709126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 070310, 070320; застапување во прометот со стоки и услуги; посредување; консигнација и реекспорт; меѓународна шпедиција; 080121, 080122, 080129, 080190, 080201, 080202, 090140, 090150, 090209, 110302, 110304, 110309, 110401, 110402, 110403, 110404, 110903, 110905, 110909, 120341, 120350.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сиот свој имот.

Слободан Петковски, директор, без ограничување, го застапува и претставува претпријатието во внатрешниот и надворешно-трговскиот промет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 14327/92. (5717)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 15913/92, на регистарска влошка бр. 1-27977-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за промет, меѓународна шпедиција и услуги „БМВ-МОНТЕНЕГРО“, ДОО, увоз-извоз, бул. „АВНОЈ“ бр. 70/14, Скопје. Претпријатието е основано со одлука од 12.XI.1992 година, а основач е Бишевац Милисав.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110903, 060501, 110905, 090121, 090122, 090123, 090131, 090132, 090133, 011741, 011742, 011743, 011749, 070310, 070320, 110309.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 15913/92. (5718)

---

